**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ТРИЕСЕТ И СЕДМАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 12.03.2020 година**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2020 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Триесет и седмата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 12.03.2020 година**

Седницата започна во **11,25 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и претставници на подносители на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Триесет и шесттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Триесет и шесттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **21 глас "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следните предлози за **дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно известување од стручна служба, се предлага дополнување на предложениот дневен ред, со следните точки:

**8.** Предлог - Одлука за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на дел од административните службеници во состав на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај; и

**9.** Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"8"** беше ставен на гласање и усвоен со **25 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"9"** беше ставен на гласање и усвоен со **25 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложените точки "8" и "9" се составен дел на предложениот дневен ред.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред:

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во име на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата "За подобра Македонија" предложи точките "**4**.Предлог - Одлука за изработка на Локална урбанистичко - планска документација, за изградба на објект со намена Г2 - лесна индустрија и Г3 - сервиси, на КП 11730/1 КО Старо Скопје, КП 11609/1 КО Старо Скопје и КП 11589/1 КО Старо Скопје, Општина Гази Баба - Скопје и "**7**.Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 08, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје" да се **симнат** од предложениот дневен ред.

Предлогот за изменување на предложенот дневен ред - точката "4" да се симне од предложениот дневен ред беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА"**.

Предлогот за изменување на предложенот дневен ред - точката "7" да се симне од предложениот дневен ред беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точките "4" и "7" се **симнати** од предложениот дневен ред, а точките '"5", "6", "8" и "9" ќе бидат разгледувани како точки **"4"**, **"5"**, **"6" и "7"**.

За работата на седницата со **23 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Обраќање на Претседател на Совет на Општина Гази Баба;
2. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година;
3. Предлог - Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година;
4. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С19, Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје;
5. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 08, Општина Гази Баба - Скопје;
6. Предлог - Одлука за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на дел од административните службеници во состав на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај; и
7. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба.

**ПРВА ТОЧКА: Обраќање на Претседател на Совет на Општина Гази Баба.**

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Даде осврт на последните случувања во населеното место Стајковци, Смилковци и Брњарци околу дивите депонии кои се создадени. Истакна дека ден по пријавата на граѓаните за дивите депонии, следниот ден бил спроведен инспекциски надзор од тројца инспектори од УЈП во продавницата на сопствениците кои го пријавиле настанот и соодветно се казнети од кој едниот со парична казна од 2.500 евра. Истакна дека со ова се праќа лоша порака до граѓаните, односно оние што совесно пријавиле диви депонии, парично се казнети. Добиени се видео материјали од повеќе места од совесни граѓани, но заради нивна заштита, имиња нема да бидат спомнати.

Во расправата покрај Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ).

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и Буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 11.03.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С19, Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 12.03.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, членот на советот - Андреа

Најденовски (коалиција "За подобра Македонија") и членот на советот - Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија").

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С19, Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 08, Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествува членот на советот - Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ), претставникот од општинската администрација - Благица Блажевска, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, членот на советот - Благе Данев (коалиција "За подобра Македонија") и членот на советот - д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија").

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 08, Општина Гази Баба - Скопје, со **23 гласа "ЗА"**.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Даде пауза од 10 минути за да се одржи дополнително свиканата седница на статутарно-правната комисија, за да завземе став по однос на:

6. Предлог - Одлука за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на дел од административните службеници во состав на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај; и

7. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба.

**По паузата.**

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на дел од административните службеници во состав на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај.**

Претседателот на статутарно - правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 12.03.2020 година

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на дел од административните службеници во состав на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај, со **22 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба, со **22 гласа "ЗА"**.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

**Пред заклучување на седницата побара од правната служба на општината или од адвокатот кој е ангажиран да ја застапува општината, информација за предмет кој е изгубен во општината. Се работи за предмет со кој во судска постапка во прв степен или во втор степен пред Апелациониот суд е изречена пресуда со која е определена оштета од 8 - 8,5 милиони денари средства на општината во корист на актуелен член на Советот на Општина Гази Баба. Како е загубена во правната служба таква пресуда после 7 години судење треба да се види и да се провери дали имало судир на интереси односно злоупотреба на службената должност кај тој советник и дали и колку тој влијаел во самата постапка.**

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Триесет и седмата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **13,05 часот**.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**

* аудио записот од седницата е составен дел на записникот